ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21 -554/20
Датум 12.07.2024 година
Скопје

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18 и "Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), Секретарот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1.За извршител за работното место – УПР0101В02000 – Виш соработник, работно место: Финансиска контрола, во Одделение за буџетска контрола, во Секторот за финансиски прашања се избира кандидатот **Ибрахим Сулемани.**
2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за работа.
3.Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Карпош, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 166/2024 на својата веб страница како и во дневните весници "Вечер", "Нова Македонија" и "Коха" на ден 08.02.2024година за вработување на административен службеник на работно место- УПР0101В02000 –Виш соработник, работно место: Финансиска контрола, во Одделение за буџетска контрола во Секторот за финансиски прашања. Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација бр.10-602/5 од 14.02.2024 година формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.
Комисијата за селекција на ден 27.06.2024 година во 11:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека за огласеното работното место се пријавиле 3 кандидати од кои 2 уредни и 1 неуреден. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на 10.07.2024 година во 13:00 часот спроведе постапка за полагање на испит, а на 11.07.2024 година во 09.30 часот постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто се одржа со еден уреден кандидат. Согласно добиените бодови од административна селекција,

спроведениот испит за административни службеници и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови Секретарот на Општина Карпош за работното место - УПР0101В02000 –Виш соработник, работно место: Финансиска контрола, во Одделение за буџетска контрола во Секторот за финансиски прашања го избра кандидатот **Ибрахим Сулемани.** Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил:Б.Јованоска
Проверил: Г.Божиновска

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Ивана Ордевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

<u>Доставено до:</u>
- Именуваниот,
- Агенцијата за администрација,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел.02/3055 -901, 02/3055 - 902*
***www.karpos.gov.mk; sekretar@karpos.gov.mk***